Department of
**Health**

GOVERNMENT OF
WESTERN AUSTRALIA

# Информации за доброволно помогнато умирање (VAD)

Лекарот-координатор е одговорен за водење на пациентот низ процесот на доброволно помогнато умирање.

Вашиот лекар-координатор е:

..................................................................................................................

Неговите/нејзините контактни податоци се:

..................................................................................................................

# Откако ќе поднесете барање за доброволно помогнато умирање

## Насока 1

Лекарот го **одбива** вашето барање

Дали сѐ уште сакате да имате пристап до доброволно помогнато умирање?

**Не**

Не треба ништо друго да правите

**Да**

Појдете лично кај друг лекар и поднесете ново барање

или

Контактирајте ги службениците за информации и поддршка (care navigators) за помош околу наоѓање на лекар за доброволно помогнато умирање

или

## Насока 2

Лекарот го **прифаќа** вашето барање

Тој/таа ќе стане ваш лекар-координатор и започнува процесот на доброволно помогнато умирање

За информациите во оваа брошура разговарајте со вашиот лекар-координатор

**Државна служба за информации и поддршка при доброволно помогнато умирање во Западна Австралија (WA VAD Statewide Care Navigator Service)**

Телефон: (08) 9431 2755
Имејл: VADcarenavigator@health.wa.gov.au

# Исход од првото барање

Оваа информативна брошура[1] ја добивте затоа што сте поднеле барање до лекар за пристап до доброволно помогнато умирање (VAD). Тоа се нарекува прво барање. Лекарот мора да одлучи дали да го прифати или да го одбие вашето прво барање.

Постојат две можни насоки за вашето барање, во зависност од одлуката на лекарот. Цртежот на претходната страница ги прикажува двете насоки.

Ако лекарот го прифати вашето прво барање, тој/таа ќе стане ваш лекар-координатор и ќе го координира процесот на доброволно помогнато умирање за вас. Треба да разговарате за информациите во оваа брошура со вашиот лекар-координатор и да му поставите какви било прашања.

Ако лекарот го одбие вашето прво барање, а вие сè уште сакате пристап до доброволно помогнато умирање, постојат две опции:

1. Може да се обратите до друг лекар и да поднесете ново барање за пристап до доброволно помогнато умирање.

   или

2. Може да ја контактирате Државната служба за информации и поддршка за доброволно помогнато умирање во Западна Австралија (WA VAD Statewide Care Navigator Service) за помош околу наоѓање лекар кој ќе го прифати вашето барање за пристап до доброволно помогнато умирање.

**WA VAD Statewide Care Navigator Service**
Телефон: (08) 9431 2755
Имејл: VADcarenavigator@health.wa.gov.au

1 Информациите што ви се дадени во оваа брошура се одобрени од извршниот директор (CEO) според член 20(4)(б) од *Законот за доброволно помогнато умирање од 2019 година (Voluntary Assisted Dying Act 2019).*

## Помош со јазикот или комуникацијата

Ако англискиот не ви е мајчин јазик или имате потешкотии во комуникацијата, може да користите услуга од преведувач или помагало за комуникација, за да побарате доброволно помогнато умирање, а и за време на целиот процес. Ве молиме разговарајте со вашиот тим за нега за пристап до оваа услуга.

## Што е доброволно помогнато умирање?

Доброволното помогнато умирање е правен процес кој му овозможува на лице да пристапи до лек што ќе предизвика негова смрт. Овој лек се нарекува „супстанца за доброволно помогнато умирање" (VAD substance). Во Западна Австралија, доброволното помогнато умирање е регулирано со закон наречен *Закон за доброволно помогнато умирање од 2019 година (Voluntary Assisted Dying Act 2019)* (Законот).

### Подобност на пациенти

Може да добиете пристап до доброволното помогнато умирање ако ги исполнувате критериумите за подобност на пациенти. Тоа значи вие мора:

- да сте на 18-годишна возраст или постари
- да сте австралиски државјанин или постојан жител
- вообичаено да сте биле жител на Западна Австралија најмалку 12 месеци во време на поднесување на првото барањето
- да сте биле дијагностицирани со најмалку една болест, заболување или медицинска состојба која е во напредна фаза, е прогресивна и (веројатно) ќе ја предизвика вашата смрт во рок од 6 месеци или ако е невродегенеративна состојба, во рок од 12 месеци
- да сте изложени на болка предизвикана од вашата болест, заболување или медицинска состојба, која не може да се олесни на начин кој го сметате за поднослив
- да имате способност да донесувате одлуки во врска со доброволното помогнато умирање
- да постапувате доброволно и без принуда (тоа значи без притисок, влијание или убедување од страна на друго лице)

- да имате барање за пристап до доброволното помогнато умирање кое е трајно (продолжува да важи за одреден временски период).

**Некои од овие критериуми за подобност на пациентите, како што е способноста за донесување одлуки и дали вашето барање е трајно и доброволно, ќе бидат повторно проценети во различни фази од процесот.**

## Подобност на лекарот

Лекарите вклучени во процесот на доброволното помогнато умирање се квалификувани да ве поддржат. Лекарите мора да исполнат одредени услови за подобност и мора да имаат завршено задолжителна обука пред да можат да бидат вклучени во процесот на доброволното помогнато умирање. Доколку е вклучена медицинска сестра, таа исто така мора да исполнува одредени услови за подобност и да има завршено задолжителна обука.

Не сите лекари или медицински сестри исполнуваат услови да учествуваат во доброволно помогнато умирање.

# Процесот на доброволно помогнато умирање

На цртежот подолу се претставени клучните чекоти во процесот на доброволното помогнато умирање. Некои од овие чекори може да се направат во исто време. Не постои временско ограничување за тоа до кога мора да завршите некој од чекорите и можете да го прекинете процесот во кој било момент пред да се даде супстанцата за доброволно помогнато умирање.

Според Законот, процесот не може да трае помалку од 9 дена (освен ако постојат посебни околности). Тој обично трае неколку недели.



# Барање и проценка

## Прво барање

Првото барање е барање дадено до лекар за пристап до доброволно помогнато умирање. Лекарот тогаш одлучува дали да го прифати или да го одбие барањето.

Дури и ако лекарот што го прашавте го одбил вашето прво барање, тоа не секогаш значи дека тој/таа ќе престане да биде вклучен/а во вашата нега. Тоа само значи дека тој/таа не може формално да помогне во процесот на доброволно помогнато умирање.

## Прва проценка

Ако лекарот го прифати вашето прво барање, тој/таа ќе стане ваш лекар-координатор. Во оваа улога, тој/таа ќе го координира процесот на доброволно помогнато умирање за вас. Првиот чекор за лекарот-координатор е формално да ја процени вашата подобност за да осигура дека ги исполнувате сите критериуми што ги бара Законот. Оваа проценка се нарекува прва проценка.

Лекарот-координатор ќе биде вклучен во некои, но не во сите чекори од процесот на доброволно помогнато умирање.

## Консултантска проценка

Ако исходот од првата проценка е дека вие сте подобен/подобна за доброволно помогнато умирање, лекарот-координатор ќе ве упати до друг лекар за втора проценка. Тој лекар станува ваш лекар-консултант кој независно ќе ја процени вашата подобност за доброволно помогнато умирање (врз основа на горенаведените критериуми). Таа проценка се нарекува консултантска проценка. Вие сега ќе имате лекар-координатор и лекар-консултант како дел од вашата нега.

## Писмена изјава

Ако лекарот-координатор и лекарот-консултант процениле дека сте подобен/подобна за доброволно помогнато умирање, тогаш можете да напишете писмена изјава во присуство на 2 сведоци, барајќи пристап до доброволно помогнато умирање.

### Конечно барање

Ако напишете писмена изјава, тогаш можете да поднесете конечно барање до лекарот-координатор за пристап до доброволно помогнато умирање. Барањето може да се поднесе лично, ако е тоа практично, или инаку преку видео конференција.

Не може да поднесете конечно барање додека не поминат 9 дена од датумот на вашето прво барање. Конечното барање може да се поднесе порано доколку и лекарот-координатор и лекарот-консултант веруваат дека ќе умрете или ќе изгубите способност да донесете одлука за доброволно помогнато умирање пред тој 9-дневен период.

### Конечна ревизија

Со конечната ревизија од лекарот-координатор се бара да го провери барањето и дека процесот на проценка е завршен во согласност со Законот. Лекарот-координатор мора да се осигура дека сѐ уште имате способност за одлучување во врска со доброволното помогнато умирање, дека дејствувате доброволно и без принуда и сѐ уште сакате да имате пристап до доброволно помогнато умирање.

## Давање на супстанцата за доброволно помогнато умирање

### Одлука за давање на супстанцата за доброволно помогнато умирање

Вие ќе треба да одлучите, со помош на вашиот лекар-координатор, дали самите ќе ја употребите супстанцата за доброволно помогнато умирање (ќе ја земете самите вие) или ќе побарате да ви ја даде подобен лекар. Лекарот кој ќе ви ја даде супстанцата често е вашиот лекар-координатор или тоа може да биде друг лекар или медицинска сестра кој/а ги исполнува условите за тоа.

### Назначете лице за контакт

Ако одлучите сами да си ја дадете супстанцата за доброволно помогнато умирање, мора да назначите лице за контакт пред вашиот лекар-координатор да може да ви ја препише супстанцата за доброволно помогнато умирање. Вашиот лекар-координатор може да ви помогне да одлучите кој може да биде најсоодветното лице за контакт. Ова е важно бидејќи лицето за контакт има специфични задачи што мора да ги извршува според Законот.

Лицето за контакт мора да биде на возраст од 18 години, да разбира што се бара од него според Законот и да се согласи да биде лице за контакт. Конкретно, Законот одредува што може и што мора да направи тоа лице во врска со:

- земањето и ракувањето со супстанцата за доброволно помогнато умирање (и враќање на кој било неискористен дел од супстанцата на овластена служба заради отстранување на истата)
- известување на лекарот-координатор кога ќе умрете (затоа што сте ја зеле супстанцата за доброволно помогнато умирање или од друга причина).

## Рецепт

Лекарот-координатор ќе ја препише супстанцата за доброволно помогнато умирање. Тој/таа мора да ви даде одредени информации за супстанцата пред да ви ја препише.

За разлика од повеќето лекови, рецептот нема да ви биде даден вам. Наместо тоа, лекарот-координатор ќе го даде рецептот директно на Државната фармацевтска служба за доборoволно помогнато умирање во Западна Австралија (WA VAD Statewide Pharmacy Service - SWPS), служба која е овластен добавувач според Законот.

## Снабдување со супстанцата

Ако решивте сами да си ја дадете супстанцата, службата SWPS може директно вам да ви ја даде вам, на вашето лице за контакт или на некој друг кој може да ја земе супстанцата во ваше име (откако ќе се завршат формалностите околу процесот на издавање на рецептот). Писмените информации за супстанцата за доброволно помогнато умирање, вклучувајќи упатства за складирање, употреба и отстранување, ќе бидат обезбедени од SWPS и ќе бидат дадени на лицето на кое му е доставена супстанцата.

Ако супстанцата за доброволно помогнато умирање треба да ја даде лекар или медицинска сестра (медицинско лице кое ја дава супстанцата), SWPS ќе ја достави супстанцијата директно до нив. Лекарот кој ја дава супстанцата ќе ја преземе одговорноста за неа додека таа не се употреби или отстрани.

### Давање на супстанцата

Треба однапред да разговарате за вашите намери за давање на супстанцата со вашиот лекар-координатор или лекарот кој ќе ви ја даде. Тие можат да ви помогнат да планирате и да се подготвите.

## После вашата смрт

### Отстранување на супстанцата

Секоја неискористена супстанца за доброволно помогнато умирање која ќе остане по вашата смрт (било од давањето на супстанцата или од друга причина) мора да биде отстранета од страна на овластена служба за отстранување на лекови. Ако сте донеле одлука сами да си ја дадете супстанцата за доброволно помогнато умирање, вашето лице за контакт мора остатокот од супстанцата да ја даде на овластена служба за отстранување на лекови во рок од 14 дена по вашата смрт. Ако сте донеле одлука супстанцата да ви ја даде лекар, тој/таа ќе ја отстрани неискористената супстанца.

### Уверение за смрт

Доброволното помогнато умирање нема да биде наведено во вашата посмртница. Тоа е заради почитување и заштита на вашата приватност. Во посмртницата како причина за вашата смрт ќе биде запишана вашата основна болест, заболување или медицинска состојба.

### Известување за смрт

Одборот за доброволно помогнато умирање (VAD Board) ќе биде известен за вашата смрт од лекарот-координатор или лекарот кој ви ја дал супстанцата, или од лекарот кој ќе ја потпише вашата посмртница. Одборот ќе го добие ова известување без разлика дали ќе умрете од супстанцата за доброволно помогнато умирање или од друга причина.

### Забелешка за одлуките подложни на повторно разгледување

Ако за време на процесот за доброволното помогнато умирање не се согласувате со исходот од одлуката донесена од вашиот лекар-координатор или лекарот-консултант, можете да поднесете барање до Државниот административен трибунал (State Administrative Tribunal) за повторно разгледување на таа одлука доколку таа се однесува на времетраењето на вашиот престој во Западна Австралија, вашата способност за донесување одлуки или дали дејствувате доброволно.

## Дополнителна поддршка

Во зависност од вашата ситуација, постојат и други служби кои може да бидат корисни за вас или за вашето семејство, пријателите и негувателите. Повеќе информации за доброволното помогнато умирање може да се најдат на веб-страницата на Министерството за здравство.

**Веб-страница:** www.health.wa.gov.au/voluntaryassisteddying

### Државна служба за информации и поддршка при доброволно помогнато умирање во Западна Австралија (WA VAD Statewide Care Navigator Service)

Државната служба за информации и поддршка при доброволно помогнато умирање во Западна Австралија е достапна да ви даде поддршка, информации одговори на сите прашања. Службата е предводена од медицински сестри и е составена од стручни лица кои се искусни здравствени работници запознаени со правните и практичните аспекти на доброволното помогнато умирање во Западна Австралија.

Здравствените стручни лица можат:

- да ви дадат општи информации за доброволно помогнато умирање и нега кон крајот на животот
- да ви дадат специфични информации за процесот на доброволно помогнато умирање во Западна Австралија
- да ви помогнат да најдете лекар или медицинска сестра кои се подготвени и подобни да учествуваат во доброволното помогнато умирање
- да одлучат дали исполнувате услови да добивате пакети за поддршка во внатрешноста
- да ве поврзат со други корисни материјали.

Државната служба за информации и поддршка за доброволно помогнато умирање во Западна Австралија (WA VAD Statewide Care Navigator Service) може да ја контактирате преку имејл или телефон во стандардното работно време (8:30 ч. наутро - 5:00 ч. попладне).

**Имејл:** VADcarenavigator@health.wa.gov.au

**Телефон:** **(08) 9431 2755**

### Palliative Care WA (Служба за палијативна нега во Западна Австралија)

Службата за палијативна нега во Западна Австралија може да обезбеди информации и поддршка за планирање на крајот на животот (вклучувајќи поддршка за подготвување на Упатство за здравствена нега во иднина (Advance Health Directive) или трајно старателство (Enduring Guardianship)), палијативна нега, тага и загуба. Можете да ги најдете давателите на услуги за палијативна нега со пребарување на нивниот онлајн именик или со телефонски повик до нивната линија за информации и поддршка за палијативна нега.

**Веб-страница:** www.palliativecarewa.asn.au

**Телефон:** **1800 573 299** (9:00 наутро – 5:00 попладне, 7 дена во неделата)

### Beyond Blue

Beyond Blue може да ви понуди поддршка во врска со менталното здравје и благосостојба, особено ако страдате од вознемиреност или депресија.

**Веб-страница:** www.beyondblue.org.au

**Телефон:** **1300 224 636** (во било кое време преку ден или ноќ)

### Lifeline

Службата Lifeline може да ви обезбеди поддршка во кризни ситуации ако ви е потребна итна помош за да се справите со емоционалната вознемиреност.

**Веб-страница:** www.lifeline.org.au

**Телефон:** **13 11 14** (во било кое време преку ден или ноќ)

## Надзор на доброволното помогнато умирање во Западна Австралија

### Одбор за доброволно помогнато умирање

Одборот за доброволно помогнато умирање (VAD Board) е статутарно тело, основано да обезбеди придржување кон Законот и да дава препораки за подобрување на безбедноста и квалитетот. Одборот за доброволно помогнато умирање е задолжен да собира информации за доборoволното помогнато умирање во Западна Австралија и е посветен на заштита на приватноста на сите лица кои бараат доборoволно помогнато умирање.

Повеќе информации за тоа како се постапува со вашите лични податоци има на веб-страницата на Одборот за доброволно помогнато умирање.

Во делот „Функции на Одборот“ (Functions of the Board), ќе најдете информативен лист со наслов *информации за пациентите за нивните податоци (information for patients about their data)*. (www.health.wa.gov.au/voluntaryassisteddyingboard)

## Давање мислење за процесот на доброволно помогнато умирање

Сите што се вклучени во процесот на доброволно помогнато умирање, како што се пациентите, членовите на семејството или лекарите, можеби ќе сакаат да ги споделат своите лични искуства или да дадат свое мислење за процесот до Одборот за доброволно помогнато умирање. Тоа може да се направи со пополнување на *образец за лични впечатоци*. Тој образец е достапен на веб-страницата на Одборот за доброволно помогнато умирање во делот „Функции на Одборот“ (Functions of the Board). (www.health.wa.gov.au/voluntaryassisteddyingboard)

Образецот може да го побарате и од Државната служба за информации и поддршка за доброволно помогнато умирање во Западна Австралија (WA VAD Statewide Care Navigator Service) или од вашиот лекар-координатор или лекар-консултант. Образец за лични впечатоци е корисен за одборот во која било фаза од процесот на доброволно помогнато умирање.

## Информации за жалби

Ако сте загрижени за вашето искуство со процесот на доброволно помогнато умирање, прво треба да го покренете ова со соодветното лице, давател на услуги или агенција која треба да има процес на жалби што треба да го следите.

Можете да поднесете жалба до Службата за жалби во врска со здравствени услуги и услуги за лица со попреченост (Health and Disability Services Complaint Office - HaDSCO) против поединци или организации кои нудат здравствени услуги, услуги за лица со попреченост или услуги во врска со менталното здравје. Повеќе информации може да се најдат на www.hadsco.wa.gov.au.

Може да изразите загриженост за однесувањето или работата на регистриран лекар или медицинска сестра до Австралиската агенција за регулирање на здравствените работници (Ahpra). Повеќе информации може да се најдат на www.ahpra.gov.au.

Може да изразите загриженост за здравствен работник кој не ги исполнува барањата според Законот до Одборот за доброволно помогнато умирање. Повеќе информации може да се најдат на www.health.wa.gov.au/voluntaryassisteddyingboard.

Овој документ може да биде достапен во алтернативни формати.

Книшката ја подготви Health Networks
© Department of Health 2024

Авторските права на овој материјал припаѓаат на државата на Западна Австралија освен ако тоа не е поинаку наведено. Освен било каква употреба за приватно испитување, истражување, критика или прегледување, кои се дозволени со одредбите на *Законот за авторско право (Copyright Act) од 1968*, ниту еден дел од книшката не може да се репроцудира или користи повторно за какви било цели без писмена дозвола од Државата на Западна Австралија.

HEN-014739 AUG'24